ДАУТ-ПАШИН АМАМ

# Ретроспектива на творештвото на Томо Владимирски

Со ретроспективна изложба и промоција на поштенска марка, во Националната галерија на Македонија вечерва во 20 часот ќе биде одбележана стогодишнината од раѓањето на познатиот уметник Томо Владимирски. Ќе бидат изложени околу 140 ликовни дела - масла, акварели, цртежи и скици за сценографии, работени меѓу 1935 и 1970 година. Изложбата ја подготви Мирјана Талеска, виш кустос во Националната галерија, а ќе ја отвори заменичката на министерот за култура, Мелпомени Корнети. Со изложбата ќе биде заокружен големиот придонес на Владимирски во развојот на македонската уметност на 20 век.

Томо Владимирски (1904-1971) е роден во Скопје, во познатото Пајко маало. Припаѓа на првата генерација втемелувачи на македонската модерна уметност. Првите сликарски поуки ги добил од својот учител, зографот Димитар Андонов Папрадишки. Завршил Уметничка школа и Академскиот курс во Белград во 1935 година. Потоа две години бил на специјализација во Прага, кај професорот Јакоб Обровски. Таму ја отворил својата прва самостојна изложба.

Сценографијата е област во која Владимирски постигнал сериозни и значајни остварувања. Тој е еден од основоположниците на театарскиот живот пред и по Втората светска војна. Целиот работен век го поминал во Македонскиот народен театар, работејќи како сценограф за многу драмски, балетски и оперски претстави. Животот го посвети на своите сликарски преокупации, особено на пејзажите околу реките Вардар и Радика. Неговите дела се наоѓаат во многу музејски збирки во Македонија и во приватни збирки во нашата земја и во странство. Изложбата во Даут-пашиниот амам ќе биде отворена до 16 декември.